ALCHIMICA TECHNOLOGY
ПОЛИУРЕТАНИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО
www.alchimica.mk

# HYPERDESMO® - ADY

**Еднокомпонентна, транспарентна, сјајна, алифатична полиуретанска мембрана**

## ОПИС

**HYPERDESMO®-ADY** е еднокомпонентна полиуретанска течност која се врзува со влажноста од воздухот и оформува транспарентна мембрана со униформна адхезија на целата површина. Оваа мембрана е алифатична: не се јавува пожолтување како резултат на директна изложеност на сонце.

Материјалот се базира на чиста еластомерно хидрофобна полиуретанска смола што резултира со одлична механичка, хемиска, термална и УВ отпорност како и отпорност на временски услови.

Се нанесува со четка, валјак или безвоздушно прскање во еден или два слоја со минимална потрошувачка по слој од 0.1кг/м².

## ПРЕПОРАКА ЗА УПОТРЕБА

За хидроизолација и заштита на:

- Индустриски подови;
- Градежни материјали: камен, мермер, цигли и дрво;
- Метали: челик, железо и алуминиум;
- Рамки на врати и прозори;
- Дрвени подови,
- Мебел.

## ОГРАНИЧУВАЊА

Не се препорачува за:

- Слаби (трошни) подлоги и
- Апликација во дебели слоеви.

## ПРЕДНОСТИ

- Брзо врзува;
- Јака и униформна адхезија по целата површина на подлогата;
- Одлична отпорност на топлина и ултравиолетово зрачење, не пожолтува ниту пак се лупи и омекнува до 80°C,
- Одлична отпорност на хемиски и механички делувања (одлична сила на кинење и отпорност на триење).

## АПЛИКАЦИЈА

Исчистете ја подлогата со водена пумпа (по можност). Да се отстрани уље, секаква маснотија како и било какви восочни контаминенти. Цементно млеко, трошни делови или било какви мембрани - мора да се отстранат. Стаклените површини мора да се прајмираат со PRIMER-T. Пред аплицирањето подлогата **мора да се исуши**.

Кога се користи како завршен премаз, за заштита на бојата на HYPERDESMO®, мора да се пигментира со пастите за пигментирање на Алхимика (максимум 10%). Кога се користи како завршен премаз на подни премази како епоксидни/полиуретански системи или самонивелирачки системи, треба повторно да се аплицира пигментиран (со пастите за пигментирање на Алхимика, максимум 10%) во рок од 24 часа од нанесувањето на главниот премаз.

**Подготовка:**
Кога се меша или пигментира особено да се внимава да не се внесе воздух во мешавината во спротивно ќе резултира со појава на меурчиња на мембраната. Мешањето да се врши рачно или со мешалка при ниски брзинаи (300rpm).

**Апликација:**
Да се нанесе со четка, валјак или безвоздушно прскање во еден или два слоја. Не оставајте повеќе од 48 часа помеѓу слоевите.

Ако се аплицира непигментиран, земете ја во обзир УВ отпорноста која се бара за подлогата на која се нанесува.

## ПОТРОШУВАЧКА

Минимална потрошувачка по слој: **0.1 кг/м².**

## ЧИСТЕЊЕ

Исчистете ги алатите и опремата прво со хартиена крпа, а потоа со Solvent-01. Валјаците не може повторно да се употребат.

# HYPERDESMO® -ADY

## ПАКУВАЊЕ

1л, 4л и 20л.

## РОК НА СКЛАДИРАЊЕ

Може да се чува минимум 12 месеци во оригиналните неотворени канти на температури од 5°C - 25°C на суви места. Штом ја отворите кантата, потрошете го материјалот што е можно поскоро.

## МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Содржи штетен и запалив разредувач. Да се аплицира во добро вентилирани простории, да не се пушат цигари и да нема отворен оган во близина. Во затворени простории користете вентилатори и маски со активен јаглен. Земете во предвид дека разредувачите се потешки од воздухот и лебдат близу до подот.

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**Во течна форма (пред аплицирање):**
50% сува материја во Xylol

| КАРАКТЕРИСТИКА | ЕДИНИЦА МЕРКА | МЕТОДА | СПЕЦИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Вискозитет | cP | ASTM D2196-86 при 25°C | 100 |
| Специфична тежина | gr/sm$^3$ | ASTM D1475 / DIN53217 / ISO 2811 при 20°C | 0.95 |
| Време на втрднување при 25°C и 55%RH | часа | - | 4-6 |
| Време на премачкување | часа | - | 6-24 |

**Во цврста форма (по аплицирање):**

| КАРАКТЕРИСТИКА | ЕДИНИЦА МЕРКА | МЕТОДА | СПЕЦИФИКАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Работна температура | °C | - | -40 до 80 |
| Макс. шок температура | °C | - | 200 |
| Јакост | Shore D | ASTM D2240 / DIN 53505 / ISO R868 | > 60 |
| Сила на кинење при 23°C | Kg/sm$^2$ (N/mm$^2$) | ASTM D412 / DIN 52455 | 550 (55) |
| Процент на елонгација при 23°C | % | ASTM D412 / DIN 52455 | > 50 |
| Трансмисија на водена пареа | gr/m$^2$.hr | ASTM E96 (водена метода) | 0.8 |
| QUV Убрзан климатски тест (4часа УВ при 60°C (УВБ лампи) и 4часа COND при 50°C) | - | ASTM G53 | успешен тест (2000 часа) |
| Хидролиза KOH 8% | 10 дена при 60°C | без значајни еластомерни промени | |
| Хидролиза NaClO 5% | 10 дена | без значајни еластомерни промени | |
| Абсорпција на вода | | | <1% |

Certified quality, environmental and occupational health & safety management systems: ISO 9001/14001 & OHSAS 18001

ISO 9001:2004 BUREAU VERITAS Certification
ISO 14001:2004 BUREAU VERITAS Certification
ISO 18001:2007 BUREAU VERITAS Certification